II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-2635/1
20 мај 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**1198.**

Врз основа на член 104 став 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/07), министерот за финансии донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОГЛАСОТ, ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА И ОБРАЗЕЦОТ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА НА ПОСТАПКИТЕ СО БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на огласот, известувањето за поништување на постапката и образецот на евиденцијата на постапките со барање за прибирање на понуди („Службен весник на Република Македонија“ бр. 154/07, 36/08), во образецот – ОБПП, Оглас за барање за прибирање на понуди, во Дел IV: Постапка , по одделот IV.1) Критериуми за доделување на договор за јавна набавка, се додава нов оддел IV.2) кој гласи:

IV.2):Електронски систем за јавни набавки ЕСЈН (https:// www.e-nabavki.gov.mk)

Дали постапката со барање за прибирање на понуди ќе биде со користење на ЕСЈН

☐ ДА ☐ НЕ

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-20349/2
27 мај 2008 година
Скопје

Министер,
д-р **Трајко Славески**, с.р.

---

**1199.**

Врз основа на член 51 став 4 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/07), министерот за финансии донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОГЛАСИТЕ И ИЗВЕСТУВАЊАТА ПРИ ДОДЕЛУВАЊЕТО НА ДОГОВОРИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на огласите и известувањата при доделувањето на договорите за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија„ број 154/07, 36/08), во образецот број 4 - Известување за склучен договор за јавна набавка во Дел II Предмет на договорот за јавна набавка, полето II.8) се менува и гласи:

II.8) Рамковна спогодба:

☐ да ☐ не

Рамковна спогодба била склучена помеѓу повеќе договорни органи

☐ да ☐ не

Рамковната спогодба била склучена:

со еден економски оператор ☐ со повеќе економски оператори ☐

Времетраење на рамковната спогодба:

Период во месеци: ☐☐ или денови ☐☐☐☐

или се планира да започне

☐☐/☐☐/☐☐☐☐

се планира да заврши

☐☐/☐☐/☐☐☐☐

Називот на Дел IV се менува и гласи: „Склучување на договор или рамковна спогодба“.

Во називот на оддел IV.1) по зборот: „договорот” се додаваат зборовите „или рамковната спогодба”.

Во називот на пододдел IV. 1.1) по зборот „договор” се додаваат зборовите „или рамковна спогодба”.

По одделот IV.3) Информации за вредноста на договорот, се додава нов оддел IV.4) кој гласи:

„IV.4) Информации за рамковната спогодба”

IV.4.1) Страни во рамковната спогодба

| а) Назив на договорните органи (еден или повеќе) | б) Назив на економските оператори (еден или повеќе) |
|---|---|
| 1.______________________ | 1.______________________ |
| 2.______________________ | 2.______________________ |
| 3.______________________ | 3.______________________ |
| 4.______________________ | 4.______________________ |
| 5.______________________ | 5.______________________ |

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 23-20350/2
27 мај 2008 година
Скопје

Министер,
д-р **Трајко Славески**, с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**1200.**

Врз основа на член 76 став (6) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/2007), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА РЕГИСТРАЦИЈА НА ПРАВНИ ЛИЦА КОИ ВРШАТ УВОЗ И/ИЛИ ПОВТОРЕН ИЗВОЗ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА УВОЗ И/ИЛИ ПОВТОРЕН ИЗВОЗ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката на регистрација на правни лица кои вршат увоз и/или повторен извоз (во понатамошен текст : оператори со храна), формата и содржината на евиденцијата на увоз и/или повторен извоз.

Член 2

(1) Правните лица кои вршат увоз и/или повторен извоз заради отпочнување на активностите поврзани со увоз и/или повторне извоз поднесуваат барање за нивна регистрација до Управата за ветеринарство.

(2) При поднесување на барање за регистрација правните лица кои вршат увоз и/или повторен извоз, треба да ги приложат следните документи :

- Документ потврда од регистрирана дејност од надлежен орган со предмет на дејност.
- Документ Одобрение од Управата за ветеринарство за регистрација или одобрување на објектот во однос на производство преработка и/или складирање на живи животни, храна од животинско потекло и добиточна храна или други производи за исхрана на животните.
- Опис на објектот со шема на сите рабони простории со технички опис на опремата.
- Опис на постапката на работење со сите помошни фази.
- Проценети дневни, годишни и максимални капацитети за производство, преработка и складирање.
- Опис на процедура за одржување на хигиена и контрола на штетници.
- Опис на процедурата на системот на внатрешна контрола.

(3) Барањето за регистрација и отпочнување со работа на објектите и операторите со храна, е дадено во Прилог бр. 1 кој е составен дел од овој правилник.

Член 3

(1) За секоја промена на условите во поглед на активностите, просториите или престанок на работа на објектите и операторите со храна, операторите со храна треба да поднесат пријава до Министерството за земјоделство, шумарство и водопстопанство - Управа за ветеринарство.

(2) Пријавата за промена на активности, простории или престанок на работа на операторите со храна и објектите, е дадена во Прилог бр. 2 кој е составен дел од овој правилник.

Член 4

(1) Операторот со храна се брише од регистерот во следните случаи:

1) на барање на сопственикот, односно корисникот на објектот;

2) поради престанок на вршење на дејност за време подолго од 6 месеци;

3) поради престанок на исполнување на пропишаните услови.

(2) Во случај од став 1 точка 2) и 3) од овој член, бришењето од регистерот се врши врз основа на предлог на државниот ветеринарен инспектор во прилог на што се поднесува и записникот од државниот ветеринарен инспектор во кој е утврдена фактичката состојба на објектот.

Член 5

(1) Правните лица кои вршат увоз и/или повторен извоз водат евиденција за пратките точно наведувајќи ги следните податоци:

1)местото на потекло, податоците за предходниот сопственик и датумот на испраќање;

2)местото на испорака, податоци за купувачот и датумот на испорака.

3)видот и бројот на животни или категоријата и количината на производи и

4)податоците за придружниот документ за животни и производи.

(2) Евиденцијата се води во форма на книга на евиденциски листови.

(3) Евиденциските листови го содржат следниот текст:

- назив на правното лице;
- адреса на седиштето на фирмата;
- матичен број на фирмата и даночен број на правното лице;
- адреса на објектот;
- местото на потекло, податоците за предходниот сопственик и датумот на испраќање;
- местото на испорака, податоци за купувачот и датумот на испорака;
- видот и бројот на животни или категоријата и количината на производи и
- податоците за придружниот документ за животни и производи

(4) Евиденцијата и документите кои ја придружуваат пратката од став (1) на овој член треба да се чуваат најмалку три години. Роковите почнуваат да течат за евиденцијата, на крајот од календарската година кога е направен последниот влез, а за документите кои ја придружуваат пратката, на крајот од календарската година кога животните или производите се примени.

Член 9

(1) Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 11-6864/1
13 мај 2008 година
Скопје

Министер,
**Ацо Спасеноски,** с.р.

Прилог 1

ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
УПРАВА ЗА ВЕТЕРИНАРСТВО

**БАРАЊЕ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА** на Увозници

| | | |
|---|---|---|
| 1. Назив на фирмата на подносителот на барањето: | | |
| | | |
| 2. Адреса на седиштето на фирмата: | | |
| | | |
| 3. Матичен број на правното лице: | | |
| 4. Даночен број на правното лице: | | |
| 5. Одговорното лице: | | |
| Име и Презиме: | | ЕМБГ: |
| 6. Овластено лице за застапување на фирмата | | |
| Име и Презиме: | | ЕМБГ: |
| Телефон: | е-маил: | |
| | | |
| 7. Активност која ќе се врши: | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| 8. Адреса на објектот: | | Телефон: |
| Ул.: | Бр. | Место: |
| | | |
| 11. Предвиден капацитет на работа: | | |

Датум М.П. Потпис на одговорно лице

Место

Прилог 2

ДО

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Управа за ветеринарство

П.Е. ____________

**П Р И Ј А В А**

за измени на активностите, просториите или за затварање на постојниот објект

| | | |
|---|---|---|
| 1. Назив на фирмата на подносителот на пријавата | | |
| | | |
| 2. Адреса на седиштето на фирмата: | | |
| | | |
| 3. Овластено лице за застапување на фирмата | | |
| Име и Презиме | | ЕМБГ: |
| Ул. | Бр. | Место: |
| | | |
| Деловниот објект кој е предмет на пријавување има извршено измени на активностите/просториите во поглед на : | | |
| | | |
| | | |
| | | |

Датум Потпис на одговорно лице

Место М.П.

---

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**1201.**

Врз основа на член 220, став 1, точка в) и точка г) и член 184 став 1 точка г) од Законот за хартии од вредност („Сл. весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007 и 7/2008) како и член 211, став 5 од Законот за општата управна постапка („Сл. весник на РМ“ бр. 38/2005) Комисијата за хартии од вредност, на својата седница одржана на 19.05.2008 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е

1. Се прекинува тргувањето со хартиите од вредност - обични акции, издадени од страна на акционерското друштво со посебни обврски за известување, Карпош-Предилница АД Крива Паланка (со нов назив Карбо-Нова АД Крива Паланка) во период од 30 работни дена, заради неизвестување на Комисијата за хартии од вредност на статусната промена-присоединување на Микрогранулат АД Тетово кон Карпош-Предилница АД Крива Паланка.

2. Се задолжува Македонска берза АД Скопје, по приемот на ова решение, да го суспендира тргувањето со обичните акции издадени од страна на акционерското друштво со посебни обврски за известување Карпош-Предилница АД Крива Паланка (со нов назив Карбо-Нова АД Крива Паланка) во период од 30 работни дена.

3. Се забранува реализацијата на нетрговските преноси на хартиите од вредност - обични акции, издадени од страна на акционерското друштво со посебни обврски за известување, Карпош-Предилница АД Крива Паланка (со нов назив Карбо-Нова АД Крива Паланка), во период од 30 работни дена.

4. Се задолжува Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, по приемот на ова решение, да ја прекине реализацијата на нетрговските преноси со обичните акции издадени од страна на акционерското друштво со посебни обврски за известување Карпош-Предилница АД Крива Паланка (со нов назив Карбо-Нова АД Крива Паланка).

5. Жалбата против ова решение не го одлага неговото извршување.

6. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 08-1727/4 Комисија за хартии од вредност
19 мај 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева–Кавракова**, с.р.

---

**1202.**

Врз основа на член 220, став 1, точка б) и член 184 став 1, точка г) од Законот за хартии од вредност („Сл. весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007 и 7/2008) како и член 211, став 5 од Законот за општата управна постапка („Сл. весник на РМ“ бр. 38/2005), Комисијата за хартии од вредност, на својата седница одржана на 19.05.2008 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е

1. Се задолжува акционерското друштво со посебни обврски за известување Карпош-Предилница АД Крива Паланка (со нов назив Карбо - Нова АД Крива Паланка) во рок од 30 дена по приемот на ова решение, да ги отстрани неправилностите при регистрацијата на статусната промена-присоединување на Микрогранулат АД Тетово кон Карпош-Предилница АД Крива Паланка затоа што зголемувањето на основната главнина на Карпош - Предилница АД Крива Паланка, како резултат на присоединувањето на акционерскиот капитал на Микрогранулат АД Тетово кон капиталот на Карпош-Предилница АД Крива Паланка е направено без соодветно одобрение за издавање на хартии од вредност, издадено од Комисијата за хартии од вредност.

2. Се задолжува акционерското друштво со посебни обврски за известување Карпош-Предилница АД Крива Паланка (со нов назив Карбо -Нова АД Крива Паланка) по постапувањето по ова решение до Комисијата за хартии од вредност да достави известување и докази за постапувањето.

3. Жалбата против ова решение не го одлага неговото извршување.

4. Ова решение ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 08-1727/5 Комисија за хартии од вредност
19 мај 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева–Кавракова**, с.р.

---

**1203.**

Врз основа на член 151 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија” бр. 95/2005, 25/2007 и 7/2008), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 19.05.2008 година го донесе следното

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА ИНВЕСТИЦИОНЕН СОВЕТНИК

1. Се дава дозвола за работење на инвестиционен советник на Рибарски Стојанчо роден на ден 28.09.1982 година во Штип.